**39(=163.3):316.728**
**2-172.2:316.728(=163.3)**

**Љупчо Ристески (Македонија)**
**Институт за етнологија и антропологија,**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**е-маил: risteski@ukim.edu.mk**

# МИТСКИТЕ ЗНАЧЕЊА НА КОСМОГОНИЈАТА И АНТРОПОГОНИЈАТА ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА КУЛТУРА

**Апстракт**: Во текстот се анализани и утврдени основните митски кодови поврзани со создавањето на Светот, при што се издвоени два основни кода што ја чинат митската основа на создавањето: **код 1. праматерии**: *воздух, вода, оган/светлина, земја, душа*, и **код 2. движење**. Понатаму се врши анализа на митските претстави за Човекот, при што, интересно е да се спомене дека процесот на културно спознавање на сопственото тело, Човекот го доживува(л) и го реализира(л) низ формите на секојдневните контакти со надворешниот свет, при што создавањето на сложените симболички системи во кои телото ги добива улогите и функциите на медиум се реализираат преку две заемно поврзани релации: телото како засебен ентитет, структура, микросвет, микрокосмос; Светот, макросветот, или макрокосмосот, според параметрите на Човечкото тело како микросвет, или микрокосмос.

Митските претстави поврзани со толкувањата на просторната структура на Земјата и на Космосот во себе ги содржат најархаичните, првични кодови на структурирање на народната мисла.

**Клучни зборови:** космогонија, антропогонија, создавање на свет, создавање на човек, народна култура, Македонци

Митот, односно митското мислење се определувачките категории врз кои почива вкупниот систем на перцепирање и создавање на претставите на човекот за него и за светот (Lévi-Strauss 1988: 103-236, Lévi-Strauss 1989: 202-228). Значи, во народните култури, слично како и во културите на архаичните заедници, митот треба да се набљудува како основен феномен на човечката култура, или, поточно, како единствено релевантен систем на религиско и на општествено уредено однесување на луѓето во определена култура (Елијаде 1992: 17-18). Оттука, митот не може да се набљудува како некаква фикција, замисла, фантазија или измислица според која луѓето го организираат целото свое однесување. Напротив, митот се темели врз свеста и претставите на луѓето за реалните настани, вистинските приказни кои ги обврзуваат луѓето да се владеат според пропишаните правила. Во митовите се изнесени најсветите вистини за луѓето, за нивните предци, за нивната земја, така што е сосема разбирливо што овие фундаментални конституенти на идентитетот на луѓето се вреднуваат како свети вистини во свеста на луѓето и во нивните митски знаења и претстави (Елијаде 1992: 20).

Поимот **митска реалност** е, можеби, најрелевантен за да може да се искаже вкупното митско доживување на луѓето, а притоа да не се почувствува дека тие, всушност, се наоѓаат во некаква *виртуелна* реалност. Можеби за истражувачите и за современиот човек, набљудуван од една историска и временска дистанца, митските претстави и митската реалност претставуваат само митски претстави за нешто што не постои, но треба да се обидеме конечно да сфатиме дека она што е митско за нас денес, за луѓето во нивното општествено и културно окружување, ниту размислувањето, ниту свеста, ниту пак поимањето на светот и на околината е митско. Ништо од сето тоа не е митско (замислено, фантастично) за нив, туку напротив, тоа е **единствената реалност** за нив.

Во културите каде што пренесувањето и организацијата на информациите се ориентирани превосходно преку обредот (какви што се, впрочем, народните култури), значајно е да се забележи дека не постои еднороден семиолошки систем специјално утврден за фиксирање, чување и за преработка на информациите, туку тоа се прави преку институцијата на обредот. Притоа, во системот на знаковното и симболичко комуницирање се користат елементите од природното и од културното окружување на човекот (елементи од околината, предмети, делови од живеалиштето, од храната, од облеката итн.), придавајќи им, притоа, посебни симболички значења (Байбурин 1993: 11).

Како резултат на  мисловните процеси, во свеста на луѓето се создаваат претстави, верувања, знаења кои се единствениот репер во создавањето на сликата за себеси, за другите и за светот. Според тоа, збировите на вредностите на митското мислење „се организирани според **кодови** - системи од условни знакови и симболи, кои со својот збир го артикулираат духовниот профил на дадена заедница, нејзиниот поглед на свет“ (Кодови I/1, 1996: 5-6).

Ако може да се заклучи дека митските претстави, знаења и верувања се резултат од процесот на спознавање на митската реалност и, најчесто, се преточени во логички целини од единствени суштински единици, како што се кодовите, тогаш произлегува дека единствената можност да се дејствува, да се постигне некаква реакција во смисла на организација или преструктурирање на овие знаења е преземањето **активности**, или, поточно, **обредното дејствување**. Така, обредот е најзначајниот медиум што овозможува да се дејствува заради интервенирање во митската реалност.

Обредот, како иманентно антрополошки и културен феномен, има особена природа, во контекстот на културите и на општествата, да  функционира како единствена форма на дејствување, форма низ која може да се создава, да се твори, да се пресоздава, да се работи. Значи, обредот не можеме да го разгледуваме како вид формална претстава, перформанс, туку напротив, како чин во кој и низ кој актерите најдиректно и најнепосредно учествуваат во создавањето нови општествено-културни моменти или пак ги пресоздаваат старите според принципите на цикличното повторување, а според обрасците на прапочетоците (Ристески 2001: 1-41).

Митската свест го подразбира обредот како основен медиум за актуелизирање на реалноста. Со него се добива, со него или преку него се уништува, се лекува, се убива.

Значи, определбата и сфаќањето на обредот како дејство или активност што се одвива под строго определени и општествено и културно утврдени обрасци се

второстепени, а примарно, *обредот претставува основна, единствена активност, чин на доведување на нештата во ред, подредување, средување, местење или преуредување на нешто што и дотогаш било во некаков ред, кој поради некакви причини бил нарушен*.

## Митски кодови на Создавањето

Според увидот и анализата на фолклорните и на етнографските материјали од народната култура на Македонците поврзани со мотивот на создавањето на Светот, можат да се издвојат неколку основни митски кода. Тие ја сочинуваат **митската основа на создавањето**.

Код 1. **Праматерии:**

- **воздух** (праматерија при создавањето на Господ[1]); (создавање на небото[2]);
- **вода** (праматерија при создавањето на Господ[3]; конституант на Земјата; Земјата се крепи на вода[4]; Водата го симболизира и кружното движење во природата со оглед на нејзиното движење: небо-земја-подземје-небо; )
- **оган/светлина** (Сонцето симбол на вечната жештина и светлина; создавање на Сонцето[5]; топлината и светлината на Сонцето - жи-

1 „Он (Господ) се е створил од воздухо". (НММ 2/1 1998)

2 „После направил небото и клал на Земњата..." (МНУ7/529 1972); „Сите се распрснаа по широкото небо..." (МНУ 7/530 1972); „... спроти Благоец се отворало небото... " (МНУ 7/533 1972).

„Нашава земја стоела на вол здола. (...) А волот ... на некоја Риба... на вода била. Под водата Ветрот бил најјак - Водата ја држел" (НММ 2/18 1998)

Иако во приказните со бр. 530 и 533 не се споменува директно воздухот како праматерија во процесот на создавање, сепак, семиолошки, кодот на небото во целост се идентифицира со воздухот.

3 „А Госпо е створен, од капка роса, од вода е створен. Таа капка роса е паднала, на некоја тревка е паднала капката роса. Ама кога не е па била створена земјата, таа трева е била таму некаде наоколу, на водите, некаде околу водите е било". Митската слика на водата како праматерија тука недвосмислено се потврдува поради народните претстави за нејзиното постоење уште пред создавањето на земјата (НММ 2/1).

„А па здола, под Земјава наша вода имало. Некој вол јак имало во вода шо пливал" (22); „Под нас е вода. И нашата земја е на вода. Се е на вода" (НММ 2/21).

4 „Нашава земја стоела на вол здола, некој голем вол, едниот рог му бил кај шо греет Сонцето, едниот кај шо сенуват. Голем значи толку. А волот бил стапнат на некоа Риба и рибата на вода била..." (НММ 2/18)

5 „А пак Сонцето, Месечината и ѕвездите ‹и обесил Господ за небото, како некои кандила за некој таван" (МНУ 7/529 1972); „...По Божи благослов беше отишла топката многу далеку и застанала на едно место, та се сторило Сонце. На часот беше светнало како некое сонце утрено, кога да болсни во чоечките очи и да не можи во него да се опулит..." (МНУ 7/530 1972); „Коа ги напрајл Господ Сонцето и Месечината, еднакви беше ‹и напрајл да светат: Сонцето да светит дење, а Месечината ноќе...» (МНУ 7/531 1972); „... Од топлината и светлината на сонцето, сите созданија Божји се благодариле на сонцето и дури му се поклањуеле понекој, од што многу го милуале. (...) Сиромашкото сонце едно си е, откоа се создало и досеа, пак си е едно. Чунки е така,

вотворна сила за се на Земјата) (МНУ 7/ 38, 39, 40, 42, 43, 47, 59, 50, 51 1972);

- **земја** (Праматерија во составот на Земјата[6]; Праматерија при создавањето на Човекот и на животните[7]);
- **душа** ( животворен праелемент[8]).

Код 2. **Движење**

- Основен код при потенцирање на **животот**. Најконкретна митско-обредна форма според која може да се препознае дека нештото е живо. Според тоа, движењето е најважниот показател дека набљудуваниот објект или суштество е живо. Наспроти ова, мирувањето се сфаќа како се поблиску до состојбата на смрт, или едноставно ја означува смртта. Освен ова базично значење, **кодот движење**, во зависност од тоа каква форма има движењето - кружна, центрична и сл., го означува **процесот на прасоздавање**. Кружното движење, според сите досегашни етнографски и фолклорни материјали, ја има симболиката на **создавачки процес**. Во таа смисла би требало да се толкува и првичната магиско-обредна употреба на играта.

## Човекот - центар на светот или во центарот на сетот

Во основата на митското организирање на Светот, **Човекот** се ставил себеси во **Центарот на Светот**, а дури потоа почнал да ја гради просторната и временската структура на своето окружување, како по хоризонтала така и по вертикала. Според тоа, денес во етнолошката и во антрополошката наука, како и во другите општествени науки[9], повеќепати е потврдена тезата за **антропоцентричниот аспект** (Цивян 1999: 31, Михаялов 1994, 325-337) на структурната организираност на Просторот и на Времето, посебно во народните култури. Прекрасната приказна „Прво-

---

ај да го ожениме за и тоа да види радост и да земи од срце в раце. (...) Ами не преесапуете оти ако го ожениме сонцето, ќе си народи едночудо деца (сонца) и коа ќе огреат сите, живи ќе не изгорат, чунки едно е сега и коа да греит силно, не се траит од горештина. (...) Кога ‹и чуло сонцето тие збореи од ‹рслано, голема мака му паднало, тики замижало и бирбаш се фрлило в море за да се удаит. На часо се стемнило, и ватило да студи времето“ (МНУ 7/534 1972).

„Првен... Госпо... го дал виделото“ (НММ 2/4)

6 „За седум дена Господ го создал светот. Првиот ден, како С›нцето и Месечината, како Земјата, Водата и се после на ред“. (МНУ 7/2 1972)

7 „Адам, Госпо го створил, од земја го е направил како човек, збркал е кал од земјата и го е створил него човек“ (МНУ 7/1 1972); „Немало луѓе и Тој напрајл од земја - луѓе“(4); „...го створил човечкото битие, прво, од глина... “(МНУ 7/2 1972).

8 „... Збркал е кал од земјата и го е створил него човек, а дунал е Господ уф него и оживјал го е“ (МНУ 7/1 1972); „За една недела го створил човечкото битие, прво, од глина - му дал душа“ (МНУ 7/5 1972).

9 Тезата за антропоцентричноста на човечката култура како перспектива кон светот повеќекратно е потврдена според лингвистичките истражувања од доменот на интерпретирањето на Просторот според деловите на човечкото тело. Притоа, посебна улога има човечкото тело, односно терминологијата што е употребена при утврдувањето на раздалеченоста, големината, количината, како и многу други категории (Филар 1999: 68-69).

то родување на веков", забележана од М. Цепенков, може најдобро да го илустрира прапочетниот антропоцентричен код на позиционираноста на човекот во Светот.

„Жената и сите животинки женцки, кога се родиле сопрво, сите се родиле улогаи, како што ет денеска малото дете. Сполај му на Бога, му 'и зел сите малечки родени, да речиме јагнето од овцата, телето од кравата и ждребето од кобилата и друзите, те 'и префрлил преку една ричка и 'и благослоил сите на нозе да застанат и да си проодат. И од тој саат секое животинче што се раѓа - на нозе си паѓа.

Посигна и од *жената да је го земит детето за де је го префрли* (подвлекол Љ.Р.). Арно, туку сирота *жена го вчипчи со раце и неќела да му го даит* (подвлекол Љ.Р.). Бре сполај му на Бога, тој тргај, таа тргај, не можеше да је го отми (не оти не можеше, туку сакаше сама да кандиса). Виде-не виде, је го остаи и ја благосои:

> *- Е, ај да си благосоена ти, жено; лели не ми го даде детето за да ти го префрлам како на сите животинки, ти да го гледаш од година поеќе улогао; се в раце да го носиш дури да ти проодит!" (подвлекол Љ.Р.). (МНУ 7/537 1972: 20).*

***

До денес се напишани огромен број студии посветени на проучувањето на Човекот и на неговото тело, при што, освен биолошкиот аспект, особено во истражувањата во општествените науки, посебен акцент се става на анализирањето на човечкото тело како базичен културен код или како систем од симболи, кои, во зависност од културната и општествената традиција, различно можат да се толкуваат и да се анализираат[10]. Во таа смисла, Мери Даглас (Mary Douglas) јасно ги издвојува категориите „биолошко тело" и „општествено или симболичко тело", при што, обидувајќи се да ги допрецизира ставовите на М. Мос, смета дека Мос погрешно ги поставил односите помеѓу природата и културата, заклучувајќи дека недвосмислено станува збор за „природна тенденција" која „настанала како одговор на некоја перцепирана општествена ситуација, а таа, пак, секогаш мора да биде 'облечена ' во својата локална историја и култура. Според тоа, природниот израз е културно детерминиран" (Daglas 1994: 102-103, Гарнизов 1995: 4).

Интересно е да се спомене дека процесот на културно спознавање на сопственото тело, Човекот го доживува(л) и го реализира(л) преку формите на секојдневните контакти со надворешниот свет, при што создавањето на сложените симболички системи во кои телото ги добива улогите и функциите на медиум се реализираат преку две заемно поврзани релации:

- поимање на телото како засебен ентитет, структура, микросвет, или микрокосмос, според параметрите на макрокосмосот;
- поимање на Светот, макросветот, или макрокосмосот, според параметрите на човечкото тело како микросвет, или микрокосмос

10 Тука ќе ги спомнеме само најновите истражувања кои го набљудуваат човечкото тело како еден од основните и првичните медиуми за изразување на сопствените доживувања на човекот, како и согледувањето на човечкото тело како основен параметар во структурирањето на Светот (Кодови 1999: 1-225).

## Создавање на Човекот

„Откоа создаде Господ небото и земљата, со се што имат на нив и во нив, што гледаме и не гледаме, живо и умрено; и откоа виде Господ, сполај му, оти се што напраил, убао го напраи - му се посака да *напраи и луѓе на земљава,* да живеат и да го слават него. (...) Само еден ден определил и за луѓето да ‹и напраит.

Станал една утрина рано, засукал поли и ракаи, зел мотиката в раце, *ископал земља, напрајл кал*, та почнал да праи луѓе како грнчаро што праи грнчиња. Сопрво му праел *нозете, после трупот, после раце, после глаа, коса, уши, очи, уста, нос* и сите друзи алати ми ‹и редел; (...) Му се пулел и се смеел од што му било ќеф дека беше ‹и напраил лични, умни и разумни.

'Оф, што убај луѓе сум ти напраил' си рекол со умот сам со себе - *овие луѓе прилегаат асли како мене*! (...)" (МНУ 7/553 1972: 47).

На митскиот концепт на чинот на создавањето на Човекот, во најголемиот број етнографски и фолклорни материјали му се придава божествен карактер, што, се разбира, при анализирањето би можело да се протолкува на неколку начини. Најпрво, тоа би можело да значи дека, сепак, во митскиот концепт за Светот, првичноста му се придава на Господ, а дури потоа на Човекот. Всушност, Човекот е создаден од Бога. Од друга страна, пак, кодот на божественото создавање на Човекот може да се толкува, повторно, од аспект на антропоцентричноста во структурирањето на светот. Само на тој начин, Човекот како суштество се стекнува со божественоста, претставува директен потомок на Бога.

Етнографските и фолклорните материјали за создавањето на човекот што се на располагање донесуваат уште неколку значајни информации за основните кодови врз кои е базиран митскиот концепт на создавањето на Човекот. Како и при создавањето на Светот, и при создавањето на Човекот се вклучени основните праматерии на создавањето, постулирани преку неколку митски кода.

**Земја (кал, глина, прашина)** - основна материја што се користи при создавањето на Човекот, поточно на неговото тело[11].

**Камен -** материја од која се создадени коските на Човекот[12].

**Оган (топлина, сонце)** - тоа е следниот значаен творечки елемент, кој најексплицитно е изразен преку мотивот на сушењето на човекот на сонцето. Митскиот код на топлината е во тесна корелација со **крвта** како животна течност[13].

**Вода (влажност)** - неопходен елемент при замесувањето на земјата. Блиску кореспондира со културниот код други внатрешни течности на организмот и течности што се исфрлаат (солзи, мочка); како код е релативно спротивставена на топлината, при што на сличен начин се рефлектира во народните претстави и во обредноста.

**Воздух (душа, дух, живот)** - конституант на човечката сушност со оглед на фактот што дури откако Господ му вдахнал душа, дувнал воздух на мртвата земје-

11 „Почнале Ѓаолот и Господ, кога биле браќа, да го створат човеко од грутка земја" (МНУ 7/537 1972: 20, НММ 2/8); „Телото негово од земја" (Тиквешки зборник 33).

12 „Коските негови од камен" (Тиквешки зборник 33).

13 „Крвта негова од својата роса и сонцето" (Тиквешки зборник 33).

на форма - оживеал Човекот.[14] Во средновековните апокрифни текстови, воздухот како праматерија може да се диференцира во неколку митски поткода, и тоа: облак - од кој била создадена човечката мисла, ветер - од кој било создадено дишењето на човекот.[15]

**Сонце** - во некои средновековни апокрифни текстови е забележано дека очите на човекот, Бог ги направил од сонцето.

# КУЛТУРНА ТОПОГРАФИЈА НА ЗЕМЈАТА И НА КОСМОСОТ

## Оној свет, тој свет или од другата страна на митската реалност

*Митската реалност*, како што може да се види и од досегашните анализи, секогаш е јасно издиференцирана и поделена на две базични категории: **нашата, човечка реалност - овој свет, и туѓата, нечовечка или реалност од другата страна на нашиот свет - оној свет**. Основна карактеристика на двете реалности е тоа што се заемно и неразделно поврзани и иако се строго разделени, тоа не значи дека се непремостливи. Така, појавата на припадниците на едната реалност во просторот или сферата на другата секогаш се смета за нарушување на вообичаените, нормалните ситуациии, но никогаш не се смета за фатална. Впрочем, тоа е најзначајната карактеристика на двете реалности, нивната *спознајна неопределеност* (Ристески 2001 : 319-326).

## Трипартитна структура на земјата

„С'има  мајка мило сине, доз, доз,

си го прати **Горно небо**,

**Горно небо - Долна Земја**, доз, доз...[16]"

Проучувањето на одделните сегменти, како и согледувањето на основата на митската логика во перцепирањето на просторните елементи на Земјата и на Кос-

14 „Напрајле чоек и Ѓаолот и Господ. И сега ја напрајле грутката чоечка, ама душа кој ќе му дајт?
Му викат Господ на Ѓаолот:
- Ти дај му душа!
- Ами - рекол Ѓаолот - јас не можам!
И Господ му дал душа на чоекот..." (НММ 2/8 1972)

15 „Дишењето негово од ветрот, душата негова од духот божји. Разумот негов од облак, мислата негова од брзоста ангелска" (Средновековен зброплет 1996: 148, 267; Тиквешки зборник 33)

16 АИСК, инв. бр. К-47/1995: 9. Соговорничка Митра Колева, родена во 1936 год. во с. Крушевица, Мариово. Снимено на 27.9.1995 год. во с. Крушевица, Мариово.

мосот се можеби најкопмлексните антрополошки проблеми со оглед на фактот што, денес, располагаме со ограничен корпус емпириски материјали поврзани со проблемот, во кои се забележливи исклучителни испреплетувања на разнородни традиции (народна, црковна, други видови толкувања), како и нивна перманентна трансформација со оглед на временската дистанција, вклучувајќи ги тука и достигнувањата на природните науки. Така, во етнографските и во фолклорните материјали за Македонија забележани на крајот од XVIII век, но главно во текот на XIX и на XX век, уочливи се многубројни контаминации и слоеви на информации напластувани едни врз други со оглед на актуелните културни случувања, што уште повеќе го отежнува процесот на научната анализа. Сепак, митските претстави поврзани со толкувањата на просторната структура на Земјата и на Космосот во себе ги содржат најархаичните, првичните кодови на структурирање на народната мисла, со оглед на тоа што од најраните времиња луѓето се обидувале да го конципираат своето мислење и да воспостават релативно конкретен и логичен ред и да дадат толкување за своето окружување, и покрај тоа што станува збор за појави пред кои дури и денес човекот стои беспомошно, обидувајќи се да си помогне себеси со тоа што ќе даде објаснување за нив според сопствените мерки и очекувања.

Според расположливите етнографски и фолклорни материјали, за изгледот на Земјата можат да се издвојат две основни форми: дека е во вид на голема плоча или дека е како топка: „Кога ја направил Господ Земњава, сопрво била *плоската* (подвлекол Љ.Р.). (...) Ја ватил со обете раце Земњата и ја притиснал од сите страни за да ја збери, за да дојдит *тркалеста*...“ (МНУ 7/529 1972: 5).

Независно од тоа какви се варијантите на народните претстави за формата на Земјата, општоважечка е претставата дека таа ја крепи големо митско животно, Господовите биволи, вол(ови), големи овни или пак дека стои на јаки и големи дрвени диреци. Со оглед на тоа што етнолошките истражувањата во последниве години донесоа интересни податоци, зачувани во прилично козервирана форма, ќе изнесеме некои од нив во целосна форма, без оглед на тоа што неколку примери веќе се објавени. При теренските истражувања, во разговорот со соговорникот Џило Мустафоски од селото Броштица во Дебарска Жупа, забележавме можеби една од најцелосните информации за изгледот на Земјата, со многу архаични елементи поврзани со нејзината структура: „*Нашава земја стоела на вол здола, некој голем вол,* ***едниo рог му бил кај што греет Сонцето, едниот кај што сенуват****. Голем значи толку. А волот бил стапнат на некоја* ***Риба****, и* ***Рибата на Вода*** *била. Под водата* ***Ветерот бил најјак - Водата ја држел****. Ете тоа...*“ (НММ 2/18 1998: 27-28).

Изнесените материјали го покажуваат формирањето и суштествувањето на основниот митски код на **создавањето и постоењето на Земјата**, во кој сите елементи имаат особено богата митска конотација на елементи на праматеријата. Мотивот за големото животно што ја крепи земјата не води кон претставите за митските животни, божествените животни, кои и самите се божества, или, во поновите христијанизирани варијанти, се Господови животни. Во секој случај, станува збор за митските праживотни од времето на создавањето и вечноста, кои, покрај божественоста, како код во себе ја содржат идејата за **природата и природноста**.

Врз основа на согледувањата на етнографските и на фолклорните материјали поврзани со претставите за Земјата може да се заклучи дека митската логика на традициското мислење ја следи **трипартитната структура** на организација на Прос-

торот по вертикала. Според оваа митска логика, Земјата е составена од **три составки**, **три земји** или **три нивоа**. Човечката, нашата, или онаа што ние најдобро ја познаваме е **Средната Земја**, потоа земјата што се наоѓа под нас е **Долната Земја**, а земјата над нас е **Горната Земја**.

## Средната Земја

Просторот што го зафаќа Средната Земја (Ристески 1999: 133-134, Речник 2000: 404-405, с.в. Средна Земја), според народните претстави ги има значењата на наш свет, **освоена земја** (се разбира, тоа никогаш не подразбира целосно и комплетно (с)овладување со нејзиниот простор), простор во кој живеат луѓето и животните во нивната околина: „...Ние сне биле во *средна земја*. Ние сме во средина“ (НММ 2/27 1998: 31). Или: „Старите велет дека ние сме живееле на *средно место*. Сме биле и озгора и оздола - *во средина сме биле*“ (НММ 2/29 1998: 32). Во некои варијанти на етнографските материјали, претставите за Средната Земја се поврзуваат со потпашувањето на луѓето околу појасот - средишниот дел: “Ние сме биле на среде. На среде сме биле. Долу луѓе, горе луѓе - ние среде. *Зате вие сега м›жите редите ремени, ние жените редиме појаси. Ете затеа сме се опашуеле по средина. З›ш сме биле среде*...“ (НММ 2/28 1998: 32). Тоа е просторот што луѓето добро го познаваат, и, барем според поархаичните варијанти на етнографските и на фолклорните материјали, претставите за **својата земја** (Михайлов 1994: 327-333) (од тоа произлегуваат и правата и можностите да владеат со неа) се, сепак, релативно тесни, така што границите на својата земја, најчесто се блиските планини, долини, реки, езера или мориња. Се уште се многу чести мотивите за **крајот на светот**, кој најчесто се наоѓа(л) зад најблискиот планински врв, од каде што секое утро Сонцето изгрева, а зад другиот, спротивниот, заоѓа. Тоа се истите планински врвови од каде што изгрева Месечината и спротивните, каде што заоѓа. Повеќето митологии, пак, И онаа на Македонците, ги имаат претставите за крајот на светот во просторот каде што заоѓа сонцето. Вообичаено, на крајот на светот се наоѓаат и местата од каде што може(ло) да се комуницира со другите светови. Во Западна Македонија, кај високиот планински врв Крчин е позната месноста наречена Бабина Дупка. Имено, тоа е просторот каде што најчесто „потонува“, се губи Сонцето од видикот на населението во селата во Дебарска Жупа: „Ко ќе идевне ние, викавне, у *Бабина Дупка* се крие сонцето, онде кај ридчено горе. Ридот се вика Бабина Дупка, ваму накај Албанија...“ (НММ 2/48 1998: 45). Овие месности, кои носат мошне асоцијативни имиња, јасно ја покажуваат архаичната конотација на просторот. Во рамниците, пак, претставите за нашиот свет најчесто завршуваат некаде во далечините, каде што небесниот хоризонт „се спојува со земјата“, „каде што небото лежи на земјата“. Тука е крајот на светот. Оттука, пак, натаму митската мисла знае за туѓ простор, простор во кој човекот не владее, а неговото присуство може да биде опасно, но многупати и неопходно за да се задоволат некои потреби, а тоа може да се направи само во **другиот свет**, **во митската реалност**, во која живеат други суштества, каде што божественото влијание е посилно. Во една прекрасна приказна „Брешко - македонскиот цар светиот дуф“, исполнета со безброј елементи што ја откриваат реалност од другата страна, која ја забележал В. Радовановиќ, се вели: „...Тоа дете, Брешко маќедон-

ски цар, зеде да се бије; *прегази цела Земја*. И, *кога немаше веќе, влезе вов* ***Темнина Земја***...“(Радовановић 1931: 160). Притоа, основен признак и атрибут на суштествата што живеат на Земјата се *смртноста*, а за луѓето - *животниот век*, кој завршува со смрт, што подразбира нивно преминување во реалноста од другата страна, беспомошноста пред суштествата од оной свет. Средната Земја, за разлика од Долната Земја, се карактеризира со **светлина, денска светлина**, сончевина, асоцирајќи на животот наспроти смртта. Во една од приказните што ги запишал С. Верковиќ - „Трите царски синови и златната јаболкница“, со познатиот мотив за најмалиот син што слегол во Долната Земја. Тој, за да се качи во Горната, односно во Средната Земја, човечката, им се обратил на орлите, велејќи им: „Сакам да ме извадите на *горна бела земја*!“ (Верковиќ 4/87 1985: 391).

*Планините, Езерата, Реките* се дел од пејзажот на Средната Земја, но, според етнографските и фолклорните податоци, и нивното создавање и нивните особини се поврзани со определени митски карактеристики на она што е од другата страна. Во голем дел од фолклорните информации што се однесуваат на космогониската проблематика може да се забележи идејата за **двајцата создатели - Господ и Ѓаволот**. Во тој контекст, без да навлегуваме во проблематиката на „дуалната природна на Светот“, според некои од добиените фолклорни информации, откако Господ ги создал *полињата*, Ѓаволот ги создал *планините*. Мотивот за „ѓаволското потекло“ на планините ја потврдува тезата дека во народните претстави планините имаат исклучително карактеристики на она што е од другата страна. Во христијанските ракописни книги, пак, се вели дека „...со планините Бог ја утврди земјата да стои, а не да се ниша на водите...“ (Тиквешки зборник 1987: 36). Освен карактеристиките на митската реалност од другата страна, планините го имаат признакот на нечовечкиот свет, на светот на природата. Поради тоа, во најголем дел од басмите, основниот код на баењето го содржи мотивот за протерување на болеста надвор од просторот на луѓето, од просторот што е исполнет со живот, а *планината и горите* се местата каде што се испраќа болеста.

„...Ојси преко *девет планини*,

Преко девет конаци.

Да излезиш на *планини*,

Кај што је чисто и уба›о,

Кај што имат чешма шарена...“ (Обрембски 2001: 206)

Настанувањето и карактеристиките на *езерата* исто така се поврзани со претставите за божествената, посебно за демонската природа. Да се потсетиме на преданијата за настанувањето на Охридското Езеро, за клучевите што се наоѓаат под местото каде што денес се наоѓа манастирот Свети Наум: „Сите веруваат дека свети Наум е стопан на езерото и дека тој ги држи клучевите...“ (Вражиновски 1995: 52). Во народните умотворби што ги запишал В. Радовановиќ во Мариово може да се забележи дека за сите раскажувања поврзани со водните површини е карактеристична нивната врска со некои од веќе споменуваните митски суштества - змевот, ла-

мјата, стихијата: „*Оти во езеро не мож› без змеови и без ламји да биди*“ (Радованович 1931: 170). Или: „Во нашето место, во Маријово, старците прикажуват, оти на Висока имало некој пат езеро. Во Висоцко Езеро живејал *змео*; *се капил во него*. Тој змео бил од Пелистер, од кај Битоља. (...) Затнатото езеро станало вир. (...) Народо подигнале једен мраморен камен, и Турчино видел једин голем дзвер, се подјавил од затнато езеро. Тој *воден дзвер* било **стија, со дванајсе глави и со четири нози, со сиви косми и со коњски очи**...“ (Радовановић 1931: 170). Езерата се најомилените места на самовилите. Самовилите се капат во највисоките планински езера , а секој што ќе дојде во нивна близина го заробуваат, го маѓепсуваат и го полудуваат.

*Реката*, како што веќе споменавме во делот посветен на културната топографија на Регионот, има значајно место во коцепцијата на просторот. Во просторната структура на речиси секој Регион може да се утврди дека централно место зазема Реката и нејзиното корито, претставувајќи оска според која е структуриран околниот простор. Поради непрекинатото течење на водата во речните корита, митските претстави за неа се поврзани со идејата за **непрекинатост, постојано движење**, што апсолутно го конотира бескрајното космичко време. Поради ваквите квалификации на Реката, во народните претстави постојат повеќе варијанти на посуптилна диференцијација на Реките, а според тоа, и различна обредна употреба. Ако категоријата Реки што постојано течат и не пресушуваат ја носат погореспомнатата конотација, тогаш реките што пресушуваат во определени периоди од годината имаат спротивни значења, на испрекинатост и непостојаност. Други, штом ќе заврнат поројните дождови, бргу надоаѓаат, создавајќи уништувачка буица, па затоа, според народното толкување на нивната непредвидливост, се нарекуваат луди. Во топонимијата на Македонија се познати повеќе реки со името **Луда Мара** (Валандовско) и др. Од реките со вакви карактеристики, во некои краишта на Македонија, на пример, во Порече, пред да надојде силната поројна вода, се собира т.н. **уплавна вода**, која има извонредно благопријатно дејство и се користи за баење против уплав. Поимањето на Реката во рамките на микрорегионот има исклучително значење со оглед на фактот што таа е еден од значајните природни фактори за подобра егзистенција.

Меѓутоа, освен природните, Реката добила и дополнителни културни карактеристики, најчесто митски. Именувањето на реките во одделни региони на Македонија се прави едноставно со употреба на апелативот **река**, но позначајните реки во регионите, кои преку нив и се поврзуваат, често се нарекуваат и **Голема, Голема Река или Велика**. Според резултатите од досегашните теренски истражувања, овој име за Реките вообичаено е во употреба е за реката Треска, која мошне асоцијативно, во горниот тек, пред нејзиното формирање, се нарекува **Велика**, а подоцна Голема. Слично се нарекува и реката Вардар. Некои наши согледувања укажуваат дека и Црна Река, луѓето понекогаш ја нарекуваат **Голема Река** или само **Река**. Оттука произлегуваат информациите за еден многу значаен аспект на третирање на водите, односно на реките, во културното поимање на Просторот, преку што се огледа значењето, но и митската конотација што им се придава. Всушност, митската мисла во текот на многугодишното создавање и пресоздавање ја оформила идејата за **митската река** (Цивъян: 1999: 167-203), која освен што има исклучително значење за животот на земјата, што претставува артерија на кумуникацијата по вода,

исто така претставува и тешко проодна граница, која го дели Просторот на два дела. Впрочем, денес е општо познато дека античкото име на реката Вардар, (Axios), значи ‹оска›, што мошне прецизно го осликува поимањето на Реката како особено значајна оска според која се констриура Просторот, укажувајќи, притоа, на исклучителното значење што го има за неговото опстојување. Од друга страна, пак, реката Вардар е клучниот маркер според кој просторот на Македонија е поделен на две половини - источна и западна Македонија. Митската река ги има уште значењата на врска помеѓу нашиот и другиот свет, со оглед на претставите дека „доаѓа» оттаму, поминува низ нашиот свет и повторно „оди на тој свет“. Значи, и таа се сфаќа како една од можните врски помеѓу световите. Да се потсетиме на употребата на мотивите за доаѓањето на новороденчињата на овој свет „по река“ - „реката го донесе“, како и на многубројните обреди што се поврзани со „пуштањето по река“ на првите плодови, потоа на обредното „давење“ (желка во случај на суша) или „капење“ (Водици), како и на пуштањето „по вода“ на се што се смета за лошо и непотребно во светот на луѓето, што подразбира дека водата ќе го однесе или ќе го исчисти. Од друга страна, пак, преминувањето на реката од едниот брег на другиот ја има конотацијата на совладување на просторот. Тоа најчесто се случува со поврзување на двата брега со **мост**, со што се заокружува идејата за културно (с)овладување со (на) природата, на тој начин дополнувајќи го митскиот код на реката од границата до соединувањето, поврзувањето на спротивните страни. Поради тоа, еден значаен дел од обредноста на Македонците што го носи основниот митски код на раздвојување или на поврзување се случува на река, поток или на друг вид вода што се движи.

## Долната Земја

„...Под нас имáло народ. Кажува старите. Вода имáло и народ имало под нас. И кажуваат луѓето и таму имало луѓе шо живееле. Некои, мали луѓе биле. Во некој свет биле, 200 години живееле. На 100 години се жениле, и велеле: ‹Мал го жениме!“ Сто години имал и се женел. (...) Тие на Долната Земја подруг народ биле. Понизок народ. Колку кокошка шо чекорнла, толку тија луѓе однле. Малку пониски, ама 200-300 години живеале.

На Долната Земја живееле орли - вековити, не умирале тие. Некоја вода тамо пиеле. Таа вода се викала: бесмртна вода. Значи затоа се вика: ‘Живееш како орел’...“ (НММ 2/27 1998: 31)

Еве вака е доживеана Долната Земја според раскажувањата на еден наш прекрасен соговорник - Ордан Пожарски, извонреден познавач на културата на своите луѓе, чиј нераскинлив дел беше и тој. Оваа куса и веќе премногу рудиментирана слика за Долната Земја и за митската реалност на другиот свет е прекрасен пример за богатството на симболички и на функционални елементи од кои е изградена сликата за Светот воопшто. Тука се содржани најзначајните семиолошки кодови врз кои почива претставата за Долната Земја. Но, за да не прозвучат премногу идеалистички погореизнесените материјали, а пред да ја продолжиме анализата базирана врз нив, ќе посочиме уште релевантни податоци поврзани со народните претстави за Земјата.

Соговорничката Паца Гулицоска, родум од с. Октиси, Струшко, на прашањата за тоа како изгледа Земјата, според кажувањата на постарите ни одговори: „А долните луѓе си биле исто луѓе како нас. Не голи. Горните се голи, а долните не. Само како дивите луѓе. (...) А долните исто како нас биле облечени. Долно село - викаме ние, долно село ќе ојме. Ние среде сме“ (НММ 2/28 1998: 32).

Освен како децидни етнографски информации, податоците за изгледот и карактеристиките на Земјата е возможно да се издвојат од фондовите на приказните од богатото фолклорно наследство, посебно од волшебните приказни, каде што се застапени мотивите за слегувањето на јунакот во Долната Земја со цел да ја пронајде ламјата, мотивот за јаболкницата што раѓала златни јаболка и непознатиот крадец, потоа мотивот за јунакот што слегол во Долната Земја за да ја убие ламјата или за момчето што тргнало да ја пронајде вистината или правината одејќи кај Сонцето, Месечината или кај Ветерот. Во една архаична варијанта на приказната за наречниците што му прорекле на некој човек дека ќе земе самовила за жена, која ја запишал В. Радовановиќ, мотивот за Долната Земја и нејзините атрибути се опишуваат вака: „Имаше једен човек, кога се роди, нему му задумаја наречниците жена. (...) А задната рекла: ‹Ајде, ќе му наречиме и ќе му ја дајиме од нашите девојки, једно самовилско чупе; нека земи самовилска пауница›› Кога детето нарасна маж, не можеше да се ожени. Тражеше жена во неговото село, ами не ја најде. И он тргна во једен град. (...) На једен мост го најде једен дедо. (...) И дедото му рече: ‹Синко, да купиш једна крава, да ја заколиш, да ја одериш, да се пикнеш во кожата од кравата; ќе дојдат три орли, ќе те дигнат и ќе те занесат на некое место - тоа ти је тебе стреќа!›

И он, човеко, тако изработил. Дошле три орли, го кренаја и го занесоа на једна голема стена. И он зеде ножо, пресече кожата и излезе. Се рашета по онаја стена. Виде од стената једна дупка право удолу. Во онаја дупка имаше мраморни камени скали. Он слезе: Отидна во Долнијо Свет!

Најде тамо једна баба. Таја варила три казани чорба за самовилите(...).

‘Синко’ - рече, ‘да ручаш, ќе ти дам; и да земиш онаја чупа и да си одиш со неја на вашијо свет: таја ти е наречена, да ти биди жена, самовилска пауница да имаш!’ И чвеко ја пита бабата: ‘Ами, како ќе излезим на оној свет?’ - ‘Имам’ - рече, ‘једен стари орел што располага во немечко; ќе го викниме него, ќе му се ватите за по једна нога, и он ќе ве симни на вашијо свет’.

Тој стари орел ји симнал од Долнијо во Горнијо Свет. И човек, ко’ си излегол на Горнијо Свет, о’шол дома со невеста самовила...“(Радовановић 1931: 161-162).

Во другата приказна, која ја споменавме предмалку, „Брешко маќедонски цар светија дуф“, поместена во Збирката на умотворби од Мариово, изнесена е христијанизирана варијанта на мотивот за слегувањето во Долната Земја, како и симболиката и значењата на некои митски кодови вклучени во нејзината фабула. „... Тоа дете, Брешко маќедонски цар, зеде да се бије; прегази целата Земја. И, кога немаше веќе, влезе вов Темнина Земја. Одиле три години. Напокон наблизија до Божја Градина. Брешко влезе тамо, вов Божја Градина, а војската ја запре. Тамо го најде Свети Петре; се најдоа Свети Јовани, побратими, и си отидоа заједно во Божја Градина. Свети Петре му рече: ‘Побратиме, ќе ти дадам нешто да занесиш во вашата земја од овија слатки плодови; го знаем јаз, во вашата земја све диви растенија се’. И му даде пресад да ашладиса дивите растенија. Брешко, како видел оти неје таја

земја за народ, се вратил, и не дочекал да скрши уште од једно дрво, кај што било најслатко јадење, како што нема вов нашата земја.

Се вратиле од Божјата Градина вов Темнина Земја, и цар Брешко му рече на војската: ‘Од оваја земја кој земи дето газите, пишман ќе биди; а кој ќе не земи, па пишман ќе биди!’ Некој зел, некој не зел. Истегнаја од тамо**, излегле на Светлина Земја**. И видел народо, тије шо зеле земја дето газиле, оти таја била златна земја. И сите пишман биле! Тој што зел, вика: ‘Оти троа зедо? ‘ А тој што не зел, вика: ‘Оти ич не зедо?’ (...)“ (Радовановиќ 1931: 160)

Ако за миг се задржиме на анализа на погореизнесените материјали, би можеле да издвоиме неколку основни митски кода врз кои е базирана идејата за постоењето на Долната Земја - Подземјето.

Најнапред, важно е да се истакне дека се што спаѓа во сферата на Долната Земја ги има карактеристиките на исклучителна припадност на митската реалност на другиот свет, оној свет, така што тоа е свет со посебни карактеристики, кои често се спротивставени на оние на човечкиот свет. Иако Долната Земја е претставена како свет во кој формално се проицирани или пресликани нештата од Средната Земја, сепак таа не претставува само огледало на нашиот живот, животот на оваа страна, туку нешто многу повеќе, а многупати и нешто многу помалку од него.

Така, најзначајниот атрибут на Долната Земја или на суштествата што живеат таму е бесмртноста. Да се потсетиме на погореизнесените податоци за луѓето што живееле во Долната Земја и достигнувале старост од 200-300 години, а се жененеле на 100 години. Иако не е докрај дециден, овој податок јасно ја изразува идејата за долговечност и бесмртност. Таму живеат најстарите орли, чиј цар - бесмртниот орел, е единствениот што може да ги пренесува луѓето од едната во другата земја. Оттаму може да се донесе бесмртната вода, која некои од јунаците од оваа страна со карактеристики на другата страна ја пијат, стекнувајќи се на тој начин со бесмртност и со јунаштво. Мотивот за бесмртноста што го нуди Долната Земја е, можеби, онаа алка што ја прави нераскинлива врската помеѓу Средната и Долната Земја, помеѓу обичните, смртните луѓе и бесмртните, или долговечните, односно поривот на Човекот да обезбеди за себе подолг живот и бесмртност.

Од друга страна, пак, следниот атрибут на Долната Земја ја прави исто толку далечна колку што првиот ја доближува до човечките желби. Тоа е вечната темнина што владее во Царството на Долната Земја, во Подземјето. Најверојатно овој мотив го создава балансот помеѓу преголемата желба да се остане бесмртен и/или да се проживее таа вечност во целосен мрак. Темнината Земја, како што може да се забележи од погорните фолклорни податоци, не може да понуди место за живеење на луѓето, на смртниците - „...како видел оти неје таја земја за народ, се вратил...“, туку тоа е Царството на безброј други демонски и митски суштества. Во ѓурѓовденската песна „Ој јуначе долноземче“, која се пеела за мртвите, изнесен е токму аспектот на поврзаноста на Долната Земја со атрибутот на темнината и подземјето, како и вечната потреба на мртвите за „бело видело“, односно светлина:

“Ој јуначе, долноземче,

моли му се на Господа,

да ти даде клучеите,

да отвориш занданите,

занданите долноземцќи,

да излезиш на видело,

да си видиш татко, мајка...“ (Стоилов 2000: 139)

Третиот важен атрибут на Долната Земја е поврзан со нејзините хтонски карактеристики. Најнапред, Долната Земја е просторот каде што, според народните претстави, е лоциран светот или Царството на умрените (Божјата Градина, претставите поврзани со погребувањето на умрените). Сепак, тука сме должни накусо да ги прецизираме карактеристиките на Долната Земја поврзани со светот на мртвите. Имено, во согласност со народните претстави, по смртта, човечката суштност се дели на двете основни компоненти што дотогаш ја правеле жива - телото и душата. Телото, кое настанало од земјата, повторно се враќа во неа, а душата, ослободена од него, го продолжува својот пат и опстојување во митската реалност на Горната Земја. Хтонските карактеристики се огледаат и во мотивот за златната земја и златните предмети што се наоѓаат во Долната Земја. Тргнувајќи од природната постојаност на златото како благороден метал, чистата форма во која може да биде пронајден, односно откопан од утробата на земјата - сјајот, и некои други карактеристики го направиле да биде една од најзначајните карактеристики на хтонскиот свет, на подземјето. Познати се мотивите за скриените азна, богатства во земјата, кои вообичаено ги чуваат митските суштества ламји, смокови, таласони - сите припадници на реалност од другата страна и на хтонскиот свет.

Хтонските карактеристики на Долната Земја се збогатени со дел од специфичните семиолошки значења што ги имаат и небесните тела. Иако главните карактеристики на Небото, Сонцето, Месечината, Ѕвездите и на другите небесни појави се директно поврзани со Горната Земја, со оглед на тоа што овие две Земји - Горната и Долната, имаат определени заеднички карактеристики на единствената митска реалност на она што е од другата страна, дел од нивните обележја имаат силен хтонски предзнак и карактеристики на Долната Земја. Промената на карактеристиките на небесните тела, според народните претстави, е поврзана со цикличните временски мени што се случуваат во Космосот, при што се „забележливи“ фазите кога активноста на овие тела е сведена на минимум, кога се во мирување или се во активност која има спротивна конотација од онаа што е социјално утврдена.

Месечината и Ѕвездите имаат силно изразени хтонски карактеристики најнапред поради тоа што нивната активност, бидејќи тие не можат да се забележат на небото во текот на денот, се поврзува исклучително со ноќта, темнината, периодот на активностите на демонските суштества по земјата. Месечината е господарка на ноќта и на мракот и блиска сопатничка на смртта. Некои верувања и народни претстави на Македонците се поврзани со патувањето и престојот на душите на умрените на Месечината (Ристески 1995-1997: 102). И покрај тоа што активностите на небесните тела, според митската логика, се куратори на временските про-

мени, значи го носат значајниот код на времето, движењето, и тоа на специфичното временско движење во циклуси, за што ќе стане збор подоцна, сепак за Ѕвездите во народните претстави на луѓето постои значаен корпус значења со исклучително хтонски предзнак. Широко се распространети народните верувања за судбинската поврзаност на раѓањето на луѓето, како и на нивната смрт со појавата на Ѕвездите на небото. Секој човек си има своја ѕвезда, според која може да се определи неговата судбина.

Карактеристиките на Сонцето во текот на ноќта, иако најчесто се незабележливи за обичните луѓе, се во сферата на хтонското и на Долната Земја. По долгото целодневно патување над Земјата, тоа изморено „потонува“ во морето или заминува во Долната Земја, во своите дворци, кај мајка си. Далечната Земја во која престојува Сонцето во текот на ноќта јасно ја конотира митската далечина и го нагласува мотивот за недостижноста на овој свет за обичните луѓе. Се разбира, во посебни услови и со посебни реквизити, стигнувањето до Сонцето е возможно. Општо е познат мотивот за деветте рала железни опинци што му се потребни на момчето за да стигне до Сончевата мајка, како и за многуте премрежја што треба да ги преодолее на патот дотаму.

## Горната Земја

Горната Земја е третиот, највисок по вертикала, слој или свет што го сочинува единството на народните претстави за Земјата и за Космосот. Горната Земја, всушност, ги содржи најзначајните космички карактеристики со оглед на тоа што во неа се наоѓа Небото, а по него „се движат“ Сонцето, Месечината, Ѕвездите. Сепак, Небото е обединувачкиот елемент на целата Горна Земја, особено поради фактот што во народната култура на Македонците тоа се перцепира како глава и покрив на Земјата. Тука би требало да се потсетиме на митските аналогии во перцепирањето на трипартитната структура на човечкото тело и живеалиштето - куќата, за да ги утврдиме основните митски кодови содржани во него. Освен што е највисоко во Светот, Небото е и недостижно и бескрајно. Само такво Небо може да биде ставено како покрив, што веднаш го конотира значењето на заштита на Земјата и формирање на претставата за целосноста на макроскосмосот како голем дом, светска куќа: „Кога ја напраил Господ Земњава, спорво била плоската. После напраил небото и клал на Земњата згора како вршник над црепна. (...) А пак Сонцето, Месечината и ѕвездите ‘и обесил Господ за небото како некои кандила за некој таван. И секогаш ‘и палат ангелите, како кандило навтите во црквата“ (МНУ 7/529 1972: 5). Така, главно, изгледаат информациите од етнографските материјали во кои можат да се утврдат поархаичните кодови на создавање на небото и на небесните појави. Се толкуваат како Божји творби. Меѓутоа, во поголемиот број материјали се позабележливи христијанизираните елементи на толкување на нивното создавање, со оглед на тоа што определени толкувања на некои од природните појави запишани уште во средновековниот период на христијанското учење се прифаќаат од страна на Црквата како официјални толкувања на појавите, па таа ги вклучува во своите пишани текстови познати како Разумници. Тоа се текстови кои најчесто биле само преведувани и препишувани на територијата на Македонија, а содржините, со по-

мали или со поголеми интервенции во согласност со народните претстави или знаењата на препишувачите, станувале достапни за обичните луѓе кои ги посетувале духовните светилишта - црквите и манастирите. Така, некои црковни знаења станале дел од народните толкувања на појавите и обратно.

Во „Тиквешкиот зборник“ од крајот на XV и почетокот на XVI век, во „Разумникот за сите прашања“, на прашањето: „Од што го направи Бог сонцето и месецот?“, одговорот е: „Кога ги создаде Бог небото и земјата и кога помисли како да го создаде човека и дека ќе се роди од него и дека ќе го распнат и на смрт ќе го предадат, и кога за смртта помисли Господ, тогаш солзи капнаа од окото Господово, и таа солзица ја нарече Господ сонце. Месецот е од петрахилот Господов“ (Тиквешки зборник 1987: 33).

Во некои варијанти на народните претстави мошне добро се вклопени архаичните митски претстави со „христијанските“ (или барем се сметало дека се христијански) мотиви за појавата на Сонцето, Месечината и на Ѕвездите. Така, во материјалите што ги запишал М. Цепенков, настанувањето на небесните тела се сврзува со Христовата активност и Божјата промисла, но мотивите содржани во преданието се архетипски, директно поврзани со мотивот за митските јунаци - демиурзи или културни херои. (Овие мотиви можат да се поврзат со карактеристиките на некои од античките митски јунаци или пак со оние на Крали Марко, кој уште како дете имал натприродни способности, потоа со оние на Дете Голомеше и др.). Христос уште како дете, играјќи си успеал од земја да ги направи и Сонцето и Месечината и Ѕвездите:

„Одил, шетал Господ и наминал кај што му бил син му Христос, да го види што праит. Коа го видел извалкан од калта во рацете и алиштата, се застојал да види што праел, што се извалкал толку од кал.

- Море што така си се обацал, бре синко? – му рекол Господ Бог. - Што е таа кал што си напраил пред тебе?

- Топчиња за играње си праам, тате - му рекол Христос. (...)

Со радос голема Христос беше го послушал татка си, та грабнало големата топка и ја метнало наугоре вишно небо. По Божи блаосов беше отишла топката многу далеку и застанала на едно место, та се сторило Сонце. На часот беше светнало како некое сонце утрено, кога да болсни во чоечките очи и да не можи во него да се опулит. Туку си клало Христос обете рачиња на очите да не му се земи здракот од сонцето.

- Еј синче, видиш големата топка како ти ја напраив да свети како сонце. Ај расврсли ‘и сите топчиња наугоре за и тие какоп неа да се напраат.

- Ќе ‘и врлам, тате, сите - му рекол Христос - ама те молам да не ми ‘и напрајш како големата топка, да свети толку многу за да не можам во неа да се пулам. (...)

Веднаш ‹и грабнал Христос сите топчиња  со двете раце, ‹и исврлил едни надесно, а другио налево, едни угоре, други удолу. Сите се распрснаа по широкото небо и секое топче и топка се застојала на местото кај што ја блаосоил Господ. Од тие топки и топчиња Господ ‹и блаосоил за едни да бидат Месечината, друзи големи ѕвезди, и најмалите - помалите ѕвезди...“ (МНУ 7/530 1972: 5-6)

Погореизнесените материјали го откриваат основниот митски код на божествениот карактер на Небото и на Горната Земја. Таму живее Бог, другите божества

и демонски суштества или светците во христијанизираните варијанти: „...Господ бил згора, ние среде... “ (НММ 2/27 1998: 31). Небото и Горната Земја се просторот каде што ги исполнуваат своите активности сите митски суштества поврзани со небесните и со природните активности: сонцето, дождот, громот и молњата, ветрот и сл. Од вољата и благонаклонетоста на некои од овие божествени суштества зависи благосостојбата на Земјата. Во таа смисла, нераздело се поврзани активностите помеѓу луѓето на Земјата и Бог, Божествата (светците) на Небото. Принципот на хармонија помеѓу нив го обезбедува космичкото единство. Тоа единство се постигнува во оној момент кога ќе се воспостави светата врска помеѓу Земјата и Небото, односно помеѓу припадниците на Земјата и припадниците на Небото.

Анализирајќи ги претставите за Небото ставено на „земњата згора како вршник над црепна“ (НММ 2/529 1998: 5), доаѓаме до мотивот за космичката хиерогамија - стапување во брак на земјата и небото. Овој мотив е познат и застапен во народните традиции и во фолклорот на многу народи, а како предмет на анализа е актуелен кај многумина автори (Лафазановски 2000: 52). Е. Лафазановски во својата студија „Македонските космогониски легенди“ наведува неколку примери од македонската народна традиција во кои се огледа мотивот за космичката хиерогамија: „Снегот кога паднал ја поклопил земјата. Снегот и вика на земјата ќе се женам, ќе се земеме веќе...“[17](подвлекол Љ. Р.). Земјата посакала да пронајде кум и барајќи го, го пронашла југот, кој кога дошол и почнал да дува - снегот се стопил. Овој мотив, многу богат со симболички значења, најверојатно не го покажува обидот на Земјата за „одбегнување“ на свадбата, туку за нејзино „одложување“ или „поместување“ во попогодно време, што, впрочем, во целост одговара на климатските услови во текот на календарската година, за чинот на светата космичка хиерогамија помеѓу Земјата и Небото (снегот) да се случи кога тој ќе почне да се топи, а Земјата да се влажни и да се напојува со вода. Всушност, сакралниот брак го подразбира и чинот на божественото, светото зачнување/оплодување, чиј главен носител во сите космогониски претстави е водата, односно небесната роса, дождот. Тука не станува збор за „обичен дожд“, туку за свет дожд, кој само ако падне во строго утврдениот временски период и во определени услови, може да се случи овој свет чин на врска помеѓу Небото и Земјата. Да се присетиме на мотивот за ѓурѓовденскиот дожд. Во народното предание за настанувањето на едно од најзначајните култни места во Овче Поле и пошироко - Говедаровиот Камен, се раскажува како Царот, сакајќи да го пронајде својот изгубен син - говедарот, смислил посебен начин како да го стори тоа. Влегол во една прекрасна кочија, во некои варијанти златна, и одел низ своето царство прашувајќи ги сите колку чини неговата кочија. Кога дошол во Овче Поле, наишол на говедарчето - неговиот син, и го прашал за тоа што мисли, колку е вредна неговата кочија. Одговорот на говедарот бил: „Како првомајски д›ж (дожд) во Овчеполијата, - толку вреди овај кочија!“ (НММ 2/190 1998: 136). Во друга варијанта, снимена во 1999 година, на прашањето на Царот: „Што мислиш ти бе дете, колку вреди овај пајтон мој и овиа коњ?“, одговорот бил: „Да ти кажам поштено, вреде како у мај месец дож што ќе падне“. („А знаеш, у мај месец вода да падне, богато поле. Цело поле богато...“) Објаснувањето на раскажувачот, дадено во заградите,

17 АИФ, МЛ 1497/1, Соговорник Панов Гошо Ивче, роден во 1882 год. во с. Крива Круша. Снимил Ангел Андреев Ќулавковски, Велес, наведено според Лафазановски 2000: 53.

уште појасно го отсликува поимањето на значењето на пролетниот дожд што треба да ја оплоди земјата. Несомнени се аналогиите во календарската обредност што започнува кон крајот на зимскиот и на почетокот на пролетниот аграрен циклус, во кој најголемиот број од активностите се сконцентрирани околу создавањето поволни услови за светото оплодување (Цивьян 1988: 340-351;). Во тој контекст треба да се толкуваат и активностите кои се посебно актуелни во пролетната обредност, а кои се поврзани со излегувањето на младите моми и невести да берат билки, посебно росен, како и да собираат утринска роса или да се тркалаат по росните ливади.

Со идентични значења се и мотивите од приказните за Змевот што ја грабнува девојката од сретсело. Ако се навратиме, само накусо, на основните митски карактеристики на Змевот како митско суштество кое располага со грмотевицата и со громот и најчесто ги чува регионите или полињата од негативното расипничко влијание на ламјата, јасно можат да се издвојат неколку негови кода, кои ќе ни помогнат во установувањето на митската космичка структура помеѓу Небото и Земјата. Змевот е типичен носител на космичкиот принцип, на небото, поточно на машкиот небески принцип. Освен тоа што ги граба најубавите моми од Земјата, тој располага со грмотевицата и со молњата, што е доволен показател за неговата сила што ја цепи дури и Земјата. Иако живее на Земјата, местата каде што се наоѓаат неговите, многупати, златни сараи се сместени на високите планини, во длабоки пештери или во дувла. Овие фолклорни елементи покажуваат дека местото на живеење на Змевот не е вообичаено, секојдневно, туку напротив, избрано е според посебните правила на народната мисла, за да може да се доисплете густата мрежа на митската структура. Високата света планина го доближува до Горната Земја, до божествените висини, од една страна, а пештерата или подземните сараи го доближуваат до Долната Земја, до опозициското Царство, кое според своите митски карактеристики е многу блиско до Горното.

Така, доаѓаме до моментот кога треба да се озакони светиот чин на сакралниот брак помеѓу Небото и Земјата, моментот кога Змевот ќе ја грабне најубавата мома од сретсело, и тоа токму на Велигден. Несомнено не постои никаква случајност во изборот на временскиот период во кој Змевот е најактивен, со оглед на значењата што ги има периодот на годината кога паѓа и празникот Велигден. Тоа е токму периодот од годината кога на Земјата ѝ е толку потребно, егзистенцијално неопходно, светото оплодување.

Во истиот митски контекст би требало да се разгледуваат и етнографските и фолклорните материјали од Македонија поврзани со претставите за отворањето на Небото на празникот Благовештение. Со празникот Благовештение се поврзани народните претстави дека ноќта, во моментот на настапувањето на празникот, се случува една несекојдневна појава, наречена отворање на небото: „Се отворило небото, ко се развиделило, ѕвездите сите олкај се напрајле. Слегвале удолу со небово. Ѕвездите куп се береле! Околу, сигурно, Месечината ал Сонцето. Куп, куп - собери се ѕвездите и одма после се растурале... Не смеело на Благоштвение (Благовештение) да се излегвит надвор! (...) Ко ќе дојди полнош, на дванајсе саатот, ќе се затресит како земјотрес“ (НММ 2/36 1998: 38-39). Кога небото ќе се отворело, според народните претстави, дрвјата му се поклонувале на Небото, а празникот Благовец се смета за голем празник, „межник - демек, многу е силен, моќен“ (НММ 2/39 1998: 41).

Изнесените податоци даваат целосен увид во митскиот контекст на ситуацијата на еден од најзначајните моменти во космичкто време и постоење - спојувањето на Небото и Земјата, што, покрај другото, би можело да се толкува дури и како означување на почетокот на новата аграрна година и на новиот животен циклус.

Широкораспространетиот мотивот за женидбата на Сонцето со најубавата девојка од Земјата исто така го содржи митскиот код на брачната врска помеѓу небесната и земната природа (Лафазановски 2000: 54-58).

Виножитото во културната перцепција на Македонците, според своите основни митски предзнаци, е апсолутен белег на Горната Земја, на она што е од другата страна. Неговата појава се поврзува со Божјата промисла и претставува знак што Бог им го испратил на луѓето по потопот дека тоа нема да се повтори (НММ 2/122-134 1998: 93-98). Народните познавачи на природните услови можат, според боите што преовладуваат на виножитото, да определат дали во текот на наредната година ќе има повеќе жито или вино. Но, како природна појава за која обичните луѓе не знаеле многу, тоа било сфатено, по аналогија на појасот од човечката народна облека, како појас на Господ, Господов појас: „Зуницата ко спадне - тоа било на Господ појасот што си го опашува. И зуницата на три иде. Црвено, зелено, сино. Таков е шарен појасот на Бог...“ (НММ 2/133 1998: 98). Оттука произлегуваат и другите негови митски карактеристики, според кои тоа се смета за една од значајните граници помеѓу овој и другиот свет, помеѓу нашата и другата митска реалност. Претставите за тоа дека оние што ќе успеат да го преминат виножитото, ќе успеат да го променат својот пол, доволно јасно ја потенцираат неговата гранична особина: „...Викат, и да идеш под тие, ако си машко ‡ ќе станеш женско...“ (НММ 2/131 1998: 97). Освен тоа, Виножитото е и врската помеѓу Земјата и Небото. Имено, неговата појава се поврзува со кружењето на водата помеѓу овие две нивоа. „Главата“ на виножитото најчесто се појавува онаму каде што има повеќе вода на Земјата за да може да ја пренесе на Небото, во облаците, а оттаму повторно да ѝ се врати на Земјата како плодоносен и најзначаен оплодувачки елемент: „...Ќе ја земе водата, вика, ц›к од морето и ќе му дае на небото...“ (НММ 2/130 1998: 96). Оваа митска мрежа го воспоставува кругот и непрекинатата врска помеѓу Земјата и Небото.

***

Во текстот се анализирани и утврдени основните митски кодови поврзани со создавањето на Светот, при што се издвоени два основни кода што ја чинат митската основа на создавањето: код 1. праматерии: воздух, вода, оган/светлина, земја, душа, и код 2. движење. Понатаму се врши анализа на митските претстави за Човекот, при што, интересно е да се спомене дека процесот на културно спознавање на сопственото тело, Човекот го доживува(л) и го реализира(л) низ формите на секојдневните контакти со надворешниот свет, при што создавањето на сложените симболички системи во кои телото ги добива улогите и функциите на медиум се реализираат преку две заемно поврзани релации:

- телото како засебен ентитет, структура, микросвет, микрокосмос;
- Светот, макросветот, или макрокосмосот, според параметрите на Човечкото тело како микросвет, или микрокосмос.

Митските претстави поврзани со толкувањата на просторната структура на Земјата и на Космосот во себе ги содржат најархаичните, првични кодови на структурирање на народната мисла.

Врз основа на согледувањата од етнографските и од фолклорните материјали поврзани со претставите за Земјата може да се заклучи дека митската логика на традициското мислење и понатаму ја следи трипартитната структура на организација на Просторот по вертикала Според оваа митска логика, Земјата е составена од три составки, три земји, или три нивоа. Човечката, нашата или онаа што ние најдобро ја познаваме, е Средната Земја, потоа Земјата што се наоѓа под нас е Долната Земја, а Земјата над нас е Горната Земја.

## Литература:


1972. Македонски народни умотворби во десет книги, Собрал Цепенков К. Марко, Скопје: Македонска книга.

1987. Тиквешки Зборник, Превод и предговор Б. Конески, Коментари В. Стојчевска – Антиќ. Скопје: Мисла.

1996. „Биљке“, Кодови словенских култура 1, Београд: CLIO.

1998. Народна митологија на Македонците: Етнографски и фолклорни материјали (НММ) 2, Ред. Вражиновски Танас, Сор. Ристески Љупчо С., Караџоски Владимир, Симоска Лола, Скопје-Прилеп: ИСК-Матица македонска.

1999. „Делови тела“, Кодови словенских култура 4. Београд: CLIO.

Daglas, Meri. 1994. *Prirodni simboli : Istraživanje o kosmologiji*, Novi Sad-Podgorica: Svetovi-Oktoih.

Lévi-Strauss, Claude. 1988. *Strukturalna antropologija* 2. Zagreb: Shkolska knjiga.

Lévi-Strauss, Claude. 1989. *Strukturalna antropologija*. Zagreb: Stvarnost.

Байбурин, А. К. 1993. *Ритуал в традиционной культуре : Структурно-семантический анализ восточнославянских обрядов*. Санкт-Петербург: Наука.

Верковиќ, Стефан И. 1985. „Македонски народни умотворби“, во Јужномакедонски народни приказни 4, Кирил Пенушлиски (уред.). Скопје: Македонска книга.

Вражиновски, Танас. 1995. Убавините на  Македонија низ преданија и легенди. Скопје: Матица македонска.

Гарнизов. Васил. 1995. „Тялото в огледалото на расказите за сътворението на човека“, во Български фолклор 3(XXI). София: БАН.

Елијаде, Мирча. 1992. Аспекти на митот. Скопје: Култура

Лафазановски, Ермис. 2000. Македонските космогониски легенди. Скопје: Култура - Институт за фолклор „Марко Цепенков“.

Михайлов, Николай. 1994. „К реконструкции отделъных фрагментов славянской космологии на основе фолъклорных источников“, Книжевна историја: Часопис за науку о књижевности 94(XXVI). Београд: Институт за књижевност и уметност.

Обрембски, Јозеф. 2001. Фолклорни и етнографски материјали од Порече 1, Редакција Вражиновски Танас, Соработници: Јовановска Соња, Караџоски Владимир, Скопје: ИСК-Матица македонска.

Радовановић, д-р Војислав С. 1931. Маријовци у песми, причи и шали: Неколико прегршти из ризнице духовног блага Јужносрбијанаца I/1. Скопље.

Ристески, Љупчо С. 2001. Митските претстави за „оној свет“ во народната традиција на Македонците, Македонски фолклор 56/57(29): 319-326.

Ристески, Љупчо С. 1995-1997. „Култот кон Месечината во народната религија и фолклорната традиција на балканските Словени“, Балканославика 22-24. Прилеп: ИСК.

Ристески, Љупчо С. 2001. „Појам и место светаца у македонској народној религији“, Култ светих на Балкану 5, Крагујевац: Библиотека Лицеум.

Стоило, П. Антон, 2000. Македонски народни умотворби, Марко Китевски(ред.и сост.). Скопје: Институт за литература.

Филар, Дорота. 1999. „Језичке слике људског тела“, Кодови словенских култура 4, Делови тела. Београд.

Цивъян, Т. В., 1988. „К структуре славянского текста о небеской свадъбе (реконструкция фрагмента)“, X международный сьезд славистов История, кулътура, этнография и фолъклор славянских народов. Москва

Цивъян, Т.В. 1999. Движение и путы в балканской модели мира: Исследования по структуре текста. Москва: РАН, ИС, Индрик.